Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# 2023-2025



Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
бул. „Кузман Јосифовски - Питу”
бр.1, 1000 Скопје
www. ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Уредници: Анета Чупеска - Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

Наслов: Стратешки приоритети на Управата за јавни приходи за периодот 2023-2025 година

Дата на издавање: 04.04.2023 година

Архивски број: Бр: 15-6879/1

*2023 © Управа за јавни приходи*
***Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.***

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

354.21.075.5:336.22(497.7)„2023/25"

СТРАТЕШКИ план на Управата за јавни приходи за периодот 2023-2025 година [Електронски извор] / [уредник Анета Чупеска]. - Скопје : Управа за јавни приходи, 2023

Начин на пристапување (URL):
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/112. - Текст во ПДФ формат, содржи 28 стр., илустр. - Наслов преземен од екран. - Опис на изворот на ден 04.04.2023 година.

ISBN 978-608-4866-52-7

а) Управа за јавни приходи -- Стратешки планови -- Македонија -- 2023-2025

COBISS.MK-ID 59951365

# СОДРЖИНА


4 КРАТЕНКИ НА ИМИЊА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ДЕЛОВИ (СЕКТОРИ) СОГЛАСНО ПОСТОЕЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

5 ВОВЕД

5 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

6 МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

7 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

8 СПЕЦИФИЧНОСТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

9 СТРУКТУРА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

10 ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ

11 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

13 ПРОГРАМИ 2023-2025

# КРАТЕНКИ НА ИМИЊА НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ДЕЛОВИ (СЕКТОРИ) СОГЛАСНО ПОСТОЕЧКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

- СЧР - Сектор за човечки ресурси
- СПР - Сектор за правни работи
- СФП - Сектор за финансиски прашања
- СОЗР - Сектор за општи и заеднички работи
- СУДОД - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци
- СРУД - Сектор за регистрација и утврдување на даноци
- СНУД - Сектор за наплата и управување со долгови
- ГДИ - Генерален даночен инспекторат
- СИТР - Сектор за ИТ развој
- СИТПОИС - Сектор за ИТ поддршка и одржување на информациски систем
- ССПАС - Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика

- СМС - Сектор за меѓународна соработка
- СПДОЈ - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност
- ЕУРУ - Единица за управување со ризик кај усогласеноста
- ЕПС - Единица-Професионални стандарди
- ДА - Даночна академија
- СВР - Сектор за внатрешна ревизија
- КЦ - Контакт центар
- ЦОП - Центар за обработка на податоци
- ЦНГ - Центар за наплата на глоби и други јавни приходи
- ЦЗП - Центар за запленети предмети
- ЦМПИН - Центар за МПИН
- ПТ - Проектен тим
- ПРК - Претставник на раководство на квалитет

# ВОВЕД

Стратешките приоритети на Управата за јавни приходи (УЈП) ги содржат основните развојни компоненти чија реализација е планирана во периодот 2023-2025 година. Документот ги обезбедува генералните насоки како приоритетни цели, мерките кои треба да се преземат за нивно реализирање и активностите, кои, со доследна примена од страна на вработените и со обезбедено соодветно финансирање, ќе обезбедат не само реализација на основната мисија и визија на институцијата, туку ќе претставуваат и темел за изградба на современ даночен орган со висок углед и интегритет кај даночните обврзници, домашната и меѓународната јавност - доверба во професионалноста, ефикасноста, транспарентноста и услужната ориентираност.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

| СИЛНИ СТРАНИ<br>(ПРЕДНОСТИ на УЈП) | СЛАБОСТИ<br>(НЕДОСТАТОЦИ на УЈП) |
|---|---|
| • Раководната структура на УЈП има објективни сознанија за состојбата во која се наоѓа УЈП и консензус по прашањето за потреба од сеопфатна модернизација;<br>• УЈП активно ги следи процесите на развој на даночните администрации во земјите на ЕУ<br>• Во изминатите години УЈП го подигна степенот на даночна дисциплина и доброволното пријавување на даноците<br>• УЈП ја зголеми транспарентноста и јавноста во работењето и постигна висок степен на објавување и публикување на активностите на даночната управа, на даночните резултати и плановите<br>• Ефикасно користење на електронските системи за плаќање<br>• УЈП ги унапреди процесите на давањето на информативни и едукативни услуги на даночните обврзници<br>• УЈП постигнува висок степен на наплата на даночните и неданочните јавни давачки кои и тогаш кога не го исполнуваат целосно планираното ниво покажуваат тренд на пораст во однос на предходните години<br>• Се применуваат режими на задржување данок и аконтативни плаќања<br>• Е-услуги: делумно електронско примање и доставување на акти; информациски систем за следење на уплатите и исплатите од игрите на среќа на приредувачите на посебни игри на среќа; Систем на електронско издавање фактури за даночните обврзници (донаторски проекти); GPRS систем за поврзување со фискалните системи на опрема; Систем на електронски аукции преку кој секој може да има увид и учествува во наддавања на запленета стока; Систем за размена на податоци со одредени државни институции; Интранет со кој се олеснува интерната комуникација; е-Персонален данок; | • УЈП е се уште оптоварена со наплата на неданочни приходи што го намалува капацитетот и фокусот за наплата на даноците и придонесите<br>• УЈП добива нови надлежности кои мора да ги спроведува во краток временски рок без надомест на потребни човечки и финансиски ресурси<br>• Постоечката организација на ИТ системот налага остварување на оперативни активности и на ниво на Генералната дирекција, со што и го одзема капацитетот за стратешки активности<br>• Постои неповрзаност и нецелосност на даночните евиденции<br>• ИТ системот е застарен, не е целосно поврзан и не ги поддржува сите деловни процеси и извештајни потреби – одредени анализи се работат рачно<br>• ИТ системот има лимитиран капацитет и потешкотии за усогласување при промени на законите<br>• УЈП има недостаток и одлив на ИТ вработени<br>• УЈП има непропорционална распределба на кадарот по организациони делови и несоодветна староснa структура<br>• Не се пополнети сите раководни места заради што постои недостаток на раководење и лидерство<br>• Слабо утврдување, проценка, рангирање и ублажување на ризиците на даночната усогласеност<br>• Отсуство на процес на постапно решавање на спорови<br>• Несоодветна покриеност со надворешна контрола<br>• Несоодветно управување со повратот на даноци |

# МИСИЈА - ЦЕЛ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Мисијата на Управата за јавни приходи е да обезбеди праведна и ефикасна наплата на даноците и другите јавни давачки со висок степен на доброволна усогласеност на даночните обврзници при исполнување на даночните обврски, преку едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските.

# ВИЗИЈА

Визијата на Управата за јавни приходи е да стане модел за професионална организација препознатлива според најдобрите практики на ЕУ и стандардите за квалитет, со висок интегритет и доверба во општествената заедница како гаранција за поттикнување и одржување на висок степен на доброволна усогласеност на даночните обврзници.

За да ја оствариме нашата визија, продолжуваме да го зајакнуваме административниот капацитет со цел да ги постигнеме зголемените стандарди во работењето, со подобрување на деловните практики и внесување на промени согласно со севкупната дигитална трансформација. Започнавме да внесуваме нова организациска култура во работењето на даночната администрација, која обезбедува професионалност, квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите. Управата за јавни приходи креира единствена политика за обезбедување на едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските. Во управувањето со даночната усогласеност, се базираме на приоретизирање на ризиците кои влијаат на доброволната усогласеност на даночните обврзници, така што се применуваат вистинските активности, во вистинското време кон вистинските даночни обврзници, водејќи сметка за принципите на ефективност и ефикасност. Управата за јавни приходи применува управувачки стратегии кои обезбедуваат даночни обврзници да се третираат доследно и праведно, како гаранција за одржување доверба во интегритетот на институцијата.

Во остварување на своите деловни активности, Управата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон даночните обврзници, вработените, институциите на државата, меѓународните организации и целокупната општествена заедница.

# ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Управата за јавни приходи функционира единствено на територијата на Република Северна Македонија. Врз основа на Законот за Управата за јавни приходи, ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на нејзиното работење, како и работи кои произлегуваат од посебните даночни закони.
Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика, го води единствениот даночен регистар и даночните евиденции на даночните обврзници, прима даночни пријави, ги утврдува, врши наплата и поврат на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, врши инспекциски надзор, им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.
Посебноста на Управата за јавни приходи се манифестира преку нејзината значајна улога во обезбедувањето средства во Буџетот на Република Северна Македонија со што го обезбедува остварувањето на функциите на државата, а кои во зависност од надлежностите, во последните години се движат околу 66%-72% од проектираните Приходи на Основниот Буџет и фондовите.



# СПЕЦИФИЧНОСТ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Правната рамка за работењето на УЈП, општото даночно право и даночната управна постапка се дефинирани во два акта – Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка.

Со наведената правна рамка се обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и за борба против одбегнување на плаќање даноци.



# СТРУКТУРА НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**Постојна структура: Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.**

Со состојба на 30.09.2022 година, во УЈП, реализирање на активностите се извршува со 1.011 вработени лица.

Од 1 Јануари 2017 година, овозможено со измените актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места во УЈП, работите од делокругот на Управата за јавни приходи се вршат преку:

- Генерална дирекција Скопје;
- Дирекција за големи даночни обврзници;
- Регионални дирекции (6) - лоцирани во Скопје, Битола, Прилеп, Штип, Струмица и Тетово;
- Даночни одделенија (17) - лоцирани во Охрид, Струга, Ресен, Кавадарци, Велес, Неготино, Куманово, Крива Паланка, Кочани, Виница, Свети Николе, Берово, Гевгелија, Радовиш, Гостивар, Кичево и Дебар;
- Даночни шалтери (7) - лоцирани во Демир Хисар, Македонски Брод, Крушево, Кратово, Делчево, Пробиштип и Валандово;
- Мобилни даночни шалтери кои ги опслужуваат останатите општини каде не постои финансиско оправдување за нивно постојано лоцирање.



# ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ



**Планирани промени**: Да се продолжи со подобрена даночна усогласеност и подобрена наплата на даночните приходи преку зајакнување на ефективноста, ефикасноста, доследноста, конзистентноста и квалитетот,правичноста и довербата на даночните обврзници во УЈП како и да се обезбеди интелектуален капацитет и механизми за предвидливост, зајакната институционална одговорност и отчетност, флексибилност, безбедност и долгорочна стабилност.

Да се продолжи со развивање и реструктурирање на работните процеси за новиот даночен интегриран ИТ систем, (моделирани деловни процеси кои треба да бидат реинженирани и да се интегрираат во новиот ИТ систем), консолидирање на базите на податоци од постојните ИТ системи/потсистеми во единствена база на податоци со воведување ESB за data Warehouse, развој и воведување систем за процена на ризик, обезбедување непречено функционирање  и долгорочна стабилност на системот во случај на криза.

# ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**ПРОГРАМА 1: Оданочување базирано на дигитализација како стратешка алатка и информацијата како стратешки ресурс во интегрирана и стандардизирана околина**

- Оданочување во интегрирана околина со поврзани системи и размена на информации меѓу УЈП, даночните обврзници и трети страни и стандардизирани процедури
- Подобрени и нови методологии за работа и програми за управување со даночната усогласеност и заштита на даночните приходи врз основа на управување со податоци, анализи и деловна интелигенција
- Нови електронски услуги и кооперативност со даночните обврзници

**ПРОГРАМА 2: Капитални и структурни реформи како подршка на ефективна даночна администрација**

- Зајакнато институционално управување и воспоставени механизми за предвидливост, одговорност и отчетност
- Зајакнат човечки капитал и воспоставени механизми за организациски развој и управување со промените
- Консолидирана внатрешна организација која ќе гарантира реализација на стратешките цели
- Унапредување на безбедноста и стабилноста на ИТ системите и податоците

# ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМА



**А: Оправданост и дизајн на Програмата**

**Образложение: Програмата произлегува од:**

1. Стратешки план на Генералниот секретаријат за периодот 2022-2024 година (од јануари 2022 година)
2. Програма за реформа на управувањето со јавни финансии 2022-2025
3. Годишна акциска програма на РСМ за 2022 година за ЕУ поддршка на управувањето со јавните финансии (ПФМ)
4. Извештај за напредок на РСМ на Европската Комисија за 2022 година (12.10.2022)
5. Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) Ревизија 2021-2025 како и детална ГАП Анализа на Извештајот на ЕК
6. Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 (Министерство за информатичко општество и администрација, Февруари 2018)
7. Извештај „Проценка на јавните расходи и финансиската отчетност во РСМ (ПЕФА)“, Министерство за финансии и DFC International Consultants
8. Извештај за проценка на ММФ TADAT (март 2021 година)
9. Стратегија за реформа на даночниот систем (2021-2025)
10. Стратегија за формализирање на неформална економија во РСМ 2018-2022 (март 2018)
11. Програмата на економски реформи (ПЕР)” Европска Комисија (2022-2024)
12. Стратешки план на УЈП 2022-2024 година
13. ИТ стратегија на Управата за јавни приходи 2019-2022 (16/01/2019)
14. Буџет на РСМ за 2023 година
15. Годишен план за јавни набавки на УЈП за 2023
16. План за подобрување на усогласеност на УЈП за 2020-2022



# ПРОГРАМИ



## ПРОГРАМА 1:
## ОДАНОЧУВАЊЕ БАЗИРАНО НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА КАКО СТРАТЕШКА АЛАТКА И ИНФОРМАЦИЈАТА КАКО СТРАТЕШКИ РЕСУРС ВО ИНТЕГРИРАНА И СТАНДАРДИЗИРАНА ОКОЛИНА

- Оданочување во интегрирана околина со поврзани системи и размена на информации меѓу УЈП, даночните обврзници и трети страни и стандардизирани процедури
- Подобрени и нови методологии за работа и програми за управување со даночната усогласеност и заштита на даночните приходи врз основа на управување со податоци, анализи и деловна интелигенција
- Нови електронски услуги и кооперативност со даночните обврзници.

## ПРОГРАМА 2:
## КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКО ПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА

- Зајакнато институционално управување и воспоставени механизми за предвидливост, одговорност и отчетност
- Зајакнат човечки капитал и воспоставени механизми за организациски развој и управување со промените
- Консолидирана внатрешна организација која ќе гарантира реализација на стратешките цели
- Унапредување на безбедноста и стабилноста на ИТ системите и податоците



## ПРОГРАМА 1: ОДАНОЧУВАЊЕ БАЗИРАНО НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА КАКО СТРАТЕШКА АЛАТКА И ИНФОРМАЦИЈАТА КАКО СТРАТЕШКИ РЕСУРС ВО ИНТЕГРИРАНА И СТАНДАРДИЗИРАНА ОКОЛИНА

**Цел на Програмата**: Подобрена даночна усогласеност и подобрена наплата на даночните приходи преку зајакнување на ефективноста, ефикасноста, доследноста, конзистентноста и квалитетот,правичноста и довербата на даночните обврзници во УЈП.

**Показатели за успех на Програмата**: Даночната администрација ја зголемува својата ефективност преку обезбедување на поврзани системи меѓу УЈП, даночните обврзници и трети страни, преку кои обезбедува објективни и квалитетни информации потребни за оданочувањето. Пресметувањето и плаќањето на даночните обврски во таа поврзана околина е полесно и поедноставно за даночните обврзници. Со цел за целосна заштита на даночните приходи, УЈП ги фокусира своите активности во областите со високи ризици, преку подобрени и нови методологии за работа кои се темелат на податоци, анализи и деловна интелигенција.

**Програмата е**: (*забележете го видот на Програмата*) ☑ хоризонтална ☑ вертикална

| ПОТПРОГРАМИ (КОМПОНЕНТИ) ОД ПРОГРАМАТА: | |
|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 1: ОДАНОЧУВАЊЕ ВО ИНТЕГРИРАНА ОКОЛИНА СО ПОВРЗАНИ СИСТЕМИ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ МЕЃУ УЈП, ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ И ТРЕТИ СТРАНИ И СТАНДАРДИЗИРАНИ ПРОЦЕДУРИ** | **Показател на успешност**:<br>• Изработен и инсталиран софтвер и хардвер за е-фактура и е-трговија до 31.12.2023 година<br>• Надградена апликација мој ДДВ до 30.06.2023 година<br>• Обезбедено доставување на електронски документи со електронски потпис и временски печат до 31.12.2023 година<br>• Број на институции со кои се разменуваат податоци (најмалку 15 институции) до 31.12.2023 година<br>• Инсталирана нова опрема за функционирање/складирање на податоците од ИДИС до 31.03.2023 година<br>• Мигрирана почетна база на податоци од постојната даночна евиденција до 30.09.2023 година<br>• Воспоставено ново интегрирано регистарско досие до 30.06.2023 година<br>• Воспоставено ново интегрирано даночно досие за имплементираните процеси до 31.12.2023 година<br>• Прифатена техничка спецификација за Data Warehouse изготвена од надворешен изведувач до 30.06.2023 година<br>• Започната јавна набавка за Data Warehouse до 31.12.2023 година<br>• Имплементирани нови автоматски процеси за обработка и верификација на даночни пријави и управување со неподнесени даночни пријави до 31.03.2023 година<br>• Тестирање на интегрирана опомена и блокада до 31.12.2023 година<br>• Имплементиран нов процес за пребивање и поврат до 31.12.2023 година<br>• Воведена нова интегрирана даночна картица на даночен обврзник до 31.12.2023 година<br>• Воведени автоматизирани процеси за распределба и управување со случаи (case management) за имплементираните процеси до 31.12.2023 година<br>• Донесено Упатство за автоматска размена на информации до 31.12.2023 година |

| ПОТПРОГРАМИ (КОМПОНЕНТИ) ОД ПРОГРАМАТА: | |
|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 2: ПОДОБРЕНИ И НОВИ МЕТОДОЛОГИИ ЗА РАБОТА И ПРОГРАМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДАНОЧНАТА УСОГЛАСЕНОСТ И ЗАШТИТА НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ ВРЗ ОСНОВА НА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИ, АНАЛИЗИ И ДЕЛОВНА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА** | **Показател на успешност:**<br>• Донесена нова методологија и процедура за управување со ДДВ поврат до 31.03.2023 година<br>• Воведена автоматска процедура за пресметка на ризик при верификација на ДДВ пријави до 31.12.2023 година<br>• Дефинирани извори на податоци и критериуми за ризик на физички лица до 31.12.2023 година<br>• Донесена рамка на диференцијација на ризици за Дирекција за големи даночни обврзници до 30.06.2023 година<br>• Донесена стратегија за поедноставно управување со заостанатиот даночен долг во услови кога нема автоматско утврдување на ризичност до 31.03.2023 година<br>• Донесена методологија за справување со феникс измами до 31.12.2023 година<br>• Спроведен план за комуникација со цел подигнување на свеста за одговорноста и гаранцијата на управителите и основачите за неплатениот даночен долг до 31.12.2023 година<br>• Подобрена стапка на навременост на плаќање на данок (ДДВ) до 31.12.2023 година<br>• Подобрена старосна структура на даночниот долг (ДДВ)-намалено учество на долгот стар повеќе од 12 месеци во вкупниот даночен долг до 31.12.2023 година<br>• Донесен среднорочен Акциски план за развој на функцијата за управување со ризик кај усогласеноста до 30.06.2023 година<br>• Донесени најмалку три планови за подобрување на усогласеноста за три области 31.12.2023 година<br>• Донесено Упатство за постапка за заемно договарање (МАП) до 31.12.2023 година<br>• Набавена лиценца за користење на услуга за комерцијален софтвер за анализа на трансферни цени до 31.12.2023 година |
| **ПОТПРОГРАМА 3: НОВИ ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ И КООПЕРАТИВНОСТ СО ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ** | **Показател на успешност:**<br>• Имплементирано електронско сандаче на даночен обврзник до 31.12.2023 година<br>• Склучен меморандум за размена на податоци со Централен Регистар за Регистар на иматели на сметки до 31.12.2023 година<br>• Склучен мемурандум за податоци со КИБС за платен (даночен) налог за присилна наплата до 31.12.2023 година<br>• Организирање на состаноци помеѓу СУДОД и претставничките тела на даночните посредници со цел презентирање и запознавање со новиот пристап и начин на соработка со даночните посредници до 31.03.2023 година<br>• Организирање состанок (СУДОД,ДГДО, Регионалните дирекции и Даночни одделенија) заради презентирање и запознавање со новиот пристап и начин на соработка со даночните посредници до 31.03.2023 година<br>• Склучување на Меморандум за соработка помеѓу УЈП и даночните посредници преку нивните тела до 30.06.2023 година<br>• Запознавање и информирање на даночните обврзници преку медиумите или интернет за соработката помеѓу УЈП и претставничките тела на даночните обврзници до 31.12.2023 година |

## Б: План за спроведување на програмата

## ПРОГРАМА 1: ОДАНОЧУВАЊЕ БАЗИРАНО НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА КАКО СТРАТЕШКА АЛАТКА И ИНФОРМАЦИЈАТА КАКО СТРАТЕШКИ РЕСУРС ВО ИНТЕГРИРАНА И СТАНДАРДИЗИРАНА ОКОЛИНА
## ПОТПРОГРАМА 1: ОДАНОЧУВАЊЕ ВО ИНТЕГРИРАНА ОКОЛИНА СО ПОВРЗАНИ СИСТЕМИ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ МЕЃУ УЈП, ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ И ТРЕТИ СТРАНИ И СТАНДАРДИЗИРАНИ ПРОЦЕДУРИ

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **1.1.1. Воспоставени и подобрени системи за прибирање на податоци со трети страни и со даночните обврзници** | | | | | | | | | | |
| **1.1.1.1 Проект е-Фактура и е-Трговија** | СИТР, СИТПОИС, ГДИ, СРУД | | 2023 | 2025 | | | | Буџет 19.000.000 Кредит 30.000.000 | | |
| **1.1.1.2 Надградба на ГПРС и Мој ДДВ** | СИТР, СИТПОИС, ГДИ, СРУД | | 2023 | 2025 | | | | Буџет 3.500.000 | Буџет 3.500.000 | Буџет 3.500.000 |
| **1.1.1.3 Воспоставување на систем за масовно доставување на документи** | СИТР, СИТПОИС, СРУД, СНУД, ГДИ, СОЗР | | 2023 | 2024 | | | | Буџет 5.000.000 | Буџет 5.000.000 | |
| **1.1.2 Подобрена и прилагодена размена на податоци со други институции -Трезор, КИБС, даватели на платежни услуги ,ЦРСМ, Царинска управа, АВРМ, ДЗС, ЗЕЛС, МВР, ДЗС, Инспекциски совет и др.** | СРУД, СНУД, ,СИТПОИС, ГДИ | | 2023 | 2024 | | | | Буџет 4.000.000 | Буџет 4.000.000 | |
| **1.1.3 Консолидирање на податоци од ДАНИС за потребите на ИДИС** | СИТР, СИТПОИС, СРУД, СНУД, ГДИ | | 2023 | 2023 | | | | Буџет 30.000.000 | | |
| **1.1.4 Во матична евиденција воведени даночни подрегистри по ТТТ принцип (даночен обврзник, даночен период, вид на данок)** | СРУД, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2023 | | | | Буџет 3.000.000 | | |
| **1.1.5 Воспоставување на складиште на податоци-Data Warehouse** | СИТР, СИТПОИС, СНУД, ГДИ, СОЗР, ССПАС | Светска банка | 2023 | 2025 | | | | Кредит 24.600.000 | Кредит 52.500.000 | Кредит 18.450.000 |
| **1.1.6 Имплементирани нови процедури за обработка, процена на ризичност и верификација на даночни пријави. Управување со неподнесени даночни пријави** | | | | | | | | | | |
| 1.1.6.1 Проект е-Даноци | СРУД, ГДИ, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2024 | | | | Буџет 7.500.00 **вкупен износ кој ги опфаќа сите активности за проектот е-даноци* | | |
| 1.1.6.2 Проект даночна постапка | СРУД ,ГДИ, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2024 | | | | Буџет 19.000.000 **вкупен износ кој ги опфаќа сите активности за проектот даночна постапка* | Буџет 13.000.000 **вкупен износ кој ги опфаќа сите активности за проектот даночна постапка* | |
| **1.1.7 Надградени процедури за процена на даночни обврски (службени и однапред пополнети даночни пријави, автоматски даночни решенија)** | | | | | | | | | | |
| 1.1.7.1 Проект е-Даноци | СРУД, СУДОД, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2023 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.7.2 Проект даночна постапка | СРУД, СИТР, СИТПОИС, ГДИ, СНУД, СПР | | 2023 | 2024 | | | | | | |
| 1.1.7.3 Проект е-ПДД | СРУД, СИТР, СИТПОИС, ГДИ | | 2023 | 2024 | | | | Буџет 2.500.000 | Буџет 2.500.000 | |
| **1.1.8 Воведено сметководство за утврдени и наплатени даноци** | | | | | | | | | | |
| 1.1.8.1 Проект даночна постапка | СРУД, СИТР, СИТПОИС, ГДИ | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| 1.1.8.2 Проект е-Даноци | СРУД, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2024 | | | | | | |
| **1.1.9 Автоматизирани масовни процеси за наплата на данок (пребивање, поврат, опоменување, блокади, одложено плаќање)** | | | | | | | | | | |
| 1.1.9.1 Проект е-Даноци | СНУД, СРУД, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| 1.1.9.2 Проект даночна постапка | СНУД, СРУД, СИТР, СИТПОИС, ГДИ | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.10 Имплементирани нови процедури за распределба и управување со случаи (case management)–барања од даночни обврзници, утврдување на данок, наплата на долг, контрола и др.** | | | | | | | | | | |
| 1.1.10.1 Проект даночна постапка | СРУД, СНУД, СИТР, СИТПОИС, ГДИ | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| 1.1.11 Воспоставување на автоматска размена на информации за финансиски сметки со други даночни администрации | МФ/УЈП (СМС + СИТР, СИТПОИС + СРУД + ГДИ + СПР + СУДОД) | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година: 11** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 9** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:6** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 1:26** | | | | | | | **Буџет:** | **93.500.000** | **28.000.000** | **3.500.000** |

## ПРОГРАМА 1: ОДАНОЧУВАЊЕ БАЗИРАНО НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА КАКО СТРАТЕШКА АЛАТКА И ИНФОРМАЦИЈАТА КАКО СТРАТЕШКИ РЕСУРС ВО ИНТЕГРИРАНА И СТАНДАРДИЗИРАНА ОКОЛИНА ПОТПРОГРАМА 2: ПОДОБРЕНИ И НОВИ МЕТОДОЛОГИИ ЗА РАБОТА И ПРОГРАМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДАНОЧНАТА УСОГЛАСЕНОСТ И ЗАШТИТА НА ДАНОЧНИТЕ ПРИХОДИ ВРЗ ОСНОВА НА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИ, АНАЛИЗИ И ДЕЛОВНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **1.2.1 Подобрени и ново воведени процеси за анализа и пресметка на ризичност** | | | | | | | | | | |
| **1.2.1.1 Проект даночна постапка** | СРУД, ГДИ, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.2.1.2 Програма за зајакнато следење на усогласеност на значајни сегменти на даночни обврзници** | ЕУРУ, ГДИ, СРУД, ССПАС, ДГДО | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.2.2 Подобрена програма за наплата на заостанатиот долг** | СНУД | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.2.3 Воспоставување на ефективен систем за управување со ризиците на усогласеност** | | | | | | | | | | |
| **1.2.3.1 Вкрстување на податоци од сопствени извори и од трети страни за анализа на ризик и идентификување на даночен јаз** | ЕУРУ + даночни функции | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.2.3.2 Истражување на предоминантните ризици на усогласеност** | ЕУРУ | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.2.4 Имлементација на стандардите предвидени во BEPS Action Plan од Инклузивната рамка на БЕПС:**<br>• **Акција 5 Поефективно справување со штетните даночни практики со осврт на транспарентноста и суштината**<br>• **Акција 6 Превенција од злоупотреба на договори преку избор на поповолен договор (treaty shopping arrangements)**<br>• **Акција 13 Преиспитување на документацијата за трансферни цени и Извештај земја-по-земја (Transfer Pricing documentation and Country-by-Country Reporting)**<br>• **Акција 14 Механизмите за решавање на спорови да бидат поефективни односно изнаоѓање на најефективен начин за решавање на спорoвите** | МФ/УЈП ГДИ + ДГДО + СРУД + СМС + СПР + СУДОД | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| 1.2.5 Обезбедување на споредливи податоци за контрола на трансферни цени | ГДИ, СОЗР | УНДП | 2023 | 2025 | | | | Буџет 6.000.000 | Буџет 6.000.000 | Буџет 6.000.000 |
| **Вкупно активности во I година: 5** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 5** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 5** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 2: 15** | | | | | **Буџет:** | | | **6.000.000** | **6.000.000** | **6.000.000** |

## ПРОГРАМА 1: ОДАНОЧУВАЊЕ БАЗИРАНО НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА КАКО СТРАТЕШКА АЛАТКА И ИНФОРМАЦИЈАТА КАКО СТРАТЕШКИ РЕСУРС ВО ИНТЕГРИРАНА И СТАНДАРДИЗИРАНА ОКОЛИНА ПОТПРОГРАМА 3: НОВИ ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ И КООПЕРАТИВНОСТ СО ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **1.3.1. Воведување на нови електронски услуги за даночни обврзници (електронско сандаче и даночен налог)** | | | | | | | | | | |
| **1.3.1.1 Проект е-Даноци** | СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.3.1.2 Проект даночна постапка** | СНУД, СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **1.3.1.3 Унапредување на услугите за даночните посредници со цел подобрување на доброволната усогласеност - управување со посредници** | СУДОД, ЕУРУ, СИТР, СИТПОИС СРУД, СПДОЈ | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година: 1** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 1** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 1** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 3: 3** | | | | | | | **Буџет:** | | | |

## ПРОГРАМА 2: КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКО ПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Цел на Програмата**: Обезбедување интелектуален капацитет и механизми за предвидливост, зајакната институционална одговорност и отчетност, како и флексибилност, безбедност и долгорочна стабилност.

**Показатели за успех на Програмата**: Преку воспоставени тела за управување со реформите и ризиците на усогласеност, зајакнат човечки капитал и консолидирана внатрешна организација, обезбедуваме јасна подршка за реализација на реформската програма и ефективно одредување на приоритетите на УЈП. Ја унапредуваме безбедноста и стабилноста на податоците и ИТ системите на УЈП.

**Програмата е**: (*забележете го видот на Програмата*) ✓ хоризонтална ✓ вертикална

| | |
|---|---|
| **ПОТПРОГРАМА 1: ЗАЈАКНАТО ИНСТИТУЦИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ И ВОСПОСТАВЕНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ПРЕДВИДЛИВОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ОТЧЕТНОСТ** | **Показател на успешност**:<br>• Функционален Комитет за управување со реформи до 31.03.2023 година<br>• Формирана и екипирана Единица за управување со реформи до 31.03.2023 година<br>• Функционален Комитет за управување со ризиците на усогласеност и институционалните ризици до 31.03.2023 година<br>• Екипирана ЕУРУ со вработени со стручни познавања од даночна регулатива, даночни процеси и ИТ до 31.03.2023 година<br>• Започнато користење на open sourse софтвер за управување со работни задачи до 31.12.2023 година |
| **ПОТПРОГРАМА 2: ЗАЈАКНАТ ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВОСПОСТАВЕНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИТЕ** | **Показател на успешност:**<br>• Воспоставена структура за управување со промени до 30.06.2023 година<br>• Донесен среднорочен план за работна сила кој ќе ја поддржи реализација на организациските промени до 30.06.2023 година<br>• Организација на обуки за зајакнување на интелектуалниот капацитет согласно организациските промени во УЈП до 31.12.2023 година<br>• Дефинирана техничка спецификација за набавка на софтвер за персонална евиденција и управување од човечки ресурси до 31.12.2023 година |
| **ПОТПРОГРАМА 3: КОНСОЛИДИРАНА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА ЌЕ ГАРАНТИРА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ** | **Показател на успешност:**<br>• Усвоен модел за реорганизација на УЈП до 31.12.2023 година<br>• Воспоставен Центар за извонредност/централизирана внатрешна организациона единици која обединува специјализирано стручно знаење до 31.12.2023 година<br>• Формирана и екипирана организациона единица за меѓународно оданочување и контроли на трансферни цени до 31.12.2023 година |
| **ПОТПРОГРАМА 4: УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И СТАБИЛНОСТА НА ИТ СИСТЕМИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ** | **Показател на успешност:**<br>• Изготвен план и техничка спецификација за воспоставување на Центар за обнова во случај на катастрофа кој ќе обезбеди Back-up на податоците до 31.12.2023 година<br>• Извршен тест за пробивност на ИТ системите и изработен на план за унапредување на безбедноста до 31.12.2023 година |

## Б: План за спроведување на програмата

## ПРОГРАМА 2: КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКОПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ПОТПРОГРАМА 1: ЗАЈАКНАТО ИНСТИТУЦИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ И ВОСПОСТАВЕНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ПРЕДВИДЛИВОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **2.1.1 Воспоставена и институцуионализирана рамка за Стратешко менаџирање со реформската програма на УЈП** | СЧР, Комитет за управување со реформи | | 2023 | 2023 | | | | | | |
| **2.1.2 Воспоставена и институцуионализирана рамка за ефективно управување со ризици** | СЧР, Комитет за управување со реформи | | 2023 | 2023 | | | | | | |
| **2.1.3 Формирање на постојан капацитет за управување со ризикот во рамките на Единицата за управување со усогласеност** | СЧР | | 2023 | 2023 | | | | | | |
| **2.1.4 Софтвер за управување со работни задачи и проекти** | СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2023 | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година: 4** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 0** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 0** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 1: 4** | | | | | **Буџет:** | | | | | |

## ПРОГРАМА 2: КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКО ПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ПОТПРОГРАМА 2: ЗАЈАКНАТ ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ И ВОСПОСТАВЕНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИТЕ

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **2.2.1 Управувањето со промените и развојот на организацијата** | Комитет за управување со реформи | | 2023 | 2023 | | | | | | |
| **2.2.2 Планирање и програми за управување со човечките ресурси** | | | | | | | | | | |
| **2.2.2.1 Планирање на работната сила за реализација на стратешките цели на УЈП:**<br>• анализа на тековната работна сила,<br>• детерминирање на идните потреби,<br>• идентификување на гаповите и<br>• имплементирање мерки за обезбедување на потребните ЧР капацитети и компетенции | СЧР, Сектори | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **2.2.2.2 Унапредување на знаењето на вработените согласно организациските промени во УЈП** | Сектори, ДА | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **2.2.3 Имплементиран софтвер за персонална евиденција и управување со човечки ресурси** | СЧР + ДА, СОЗР + СФП + СИТР, СИТПОИС | | 2023 | 2025 | | | | Буџет 3.000.000 | | |
| **Вкупно активности во I година: 3** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 3** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 3** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 2: 9** | | | | | **Буџет:** | | | **3.000.000** | | |

## ПРОГРАМА 2: КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКО ПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА
## ПОТПРОГРАМА 3: КОНСОЛИДИРАНА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА ЌЕ ГАРАНТИРА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **2.3.1 Консолидација на внатрешна организација за реализација на стратешките цели на УЈП:**<br>• **анализа на тековната внатрешна организација,**<br>• **детерминирање на идните потреби за внатрешна организација,**<br>• **идентификување на гаповите и**<br>• **дизајнирање на нова внатрешна организација** | СЧР, Сектори | | 2023 | 2025 | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година: 1** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 1** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 1** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 3: 3** | | | | | | | **Буџет:** | | | |

## ПРОГРАМА 2: КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКО ПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА
## ПОТПРОГРАМА 4: УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И СТАБИЛНОСТА НА ИТ СИСТЕМИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси по години | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | Почеток (месец/год) | Крај (месец/год) | 2023 | 2024 | 2025 | 2023 | 2024 | 2025 |
| **2.4.1 Воспоставување на Центар за обнова во случај на катастрофа кој ќе обезбеди целосен back-up на податоците и работните процеси на УЈП** | СИТР, СИТПОИС | МФ, Светска Банка | 2023 | 2025 | | | | | | Кредит 156.500.000 |
| **2.4.2 Обезбедување на редундантен безбедносен уред и продолжување / обновување на лиценци за останати безбедносни уреди** | СИТР, СИТПОИС, СОЗР | | 2023 | 2025 | | | | Буџет 13.000.000 | | |
| **2.4.3 Зголемување на сигурноста на системите на УЈП**<br>• **проверка на слабости и пробивност на ИС и изработка на план за унапредување на безбедност**<br>• **имплементација на ИТ инфраструктура за унапредување на безбедноста на ИС** | СИТР, СИТПОИС, СОЗР | | 2023 | 2025 | | | | Буџет 20.000.000 | Буџет 40.000.000 | Буџет 2.000.000 |
| **Вкупно активности во I година: 3** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 3** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 3** | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО ПРОГРАМА 1, ЗА ПОТПРОГРАМА 4: 9** | | | | | | | **Буџет:** | **33.000.000** | **40.000.000** | **2.000.000** |

| 3. Влијанија врз човечките ресурси | | | |
|---|---|---|---|
| **Програма** | **Резиме на потреба од нови вработувања** | **Резиме на потреба од прераспределба на вработени** | **Резиме од потребите од обука** |
| **Програма 2: КАПИТАЛНИ И СТРУКТУРНИ РЕФОРМИ КАКО ПОДРШКА НА ЕФЕКТИВНА ДАНОЧНА АДМИНИСТРАЦИЈА** | обезбедување на средина која поддржува развој на институцијата - нови вработувања | од пониско вредни кон повисоко вредни - унапредувања | Ќе се вршат во рамки на планираните проекти |

| 4. Принципи на правична застапеност | | |
|---|---|---|
| **Очекувано влијание во I година** | **Очекувано влијание во II година** | **Очекувано влијание во III година** |
| При вработување на нови кадри ќе се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на лица кои не се мнозинство во РСМ | При вработување на нови кадри ќе се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на лица кои не се мнозинство во РСМ | При вработување на нови кадри ќе се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на лица кои не се мнозинство во РСМ |

| 5. Принципи на еднакви можности на жените и мажите | | |
|---|---|---|
| **Очекувано влијание во I година** | **Очекувано влијание во II година** | **Очекувано влијание во III година** |
| | | |

## 6. Развивање на заедничките функции

**Развивање политики**

**Стратешко планирање/подготвување на Буџет** Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика/Сектор за финансиски прашања /во соработка со сите останати сектори

**Извршување на Буџетот и управување со средства** -Сектор за финансиски прашања

**Управување со човечки ресурси** -Сектор за човечки ресурси

**Управување со информациски технологии** -Сектор за ИТ

Внатрешна ревизија Сектор за внатрешна ревизија
Функцијата - внатрешна ревизија ќе има многу значајна улога во периодот 2023-2025 година во усогласувањето на работењето на УЈП со ЕУ праксата, како во поглед на усогласеноста со законите, така и во оценувањето на системите на внатрешна контрола преку кои ќе се зголеми одговорноста и отчетноста, посебно во услови на децентрализиран буџет и напредокот на УЈП во целина како институција.
Промените во работењето на УЈП со воведување на е-Архива, значи и промена во сите функции на УЈП во смисла на работење без хартија. Во исто време таквиот начин на работење обезбедува и економично, ефикасно и ефективно работење и поголема транспарентност во исто време. СВР како дел од Секторите кои ќе бидат вклучени има намера да го реализира тоа преку алатката која ќе го овозможи ваквиот начин на работа.

## РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

| РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ (Голема, средна, мала) | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ (Големо, средно, мало) | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| Нецелосно остварување на основната функција-наплата на јавните давачки и барањата на владината реформа и другите институции поради неспроведени процеси на модернизација со значајни инвестирања во функционалноста и интегрираноста на ИТ системот | Средна | Големо | • Развивање и реструктурирање на работните процеси на начин кој ќе овозможи економично ефикасно и ефективно работење.<br>• Делегирање на раководна одговорност согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола за реализирање на реформски иницијативи кои имаат за цел понатамошно осовременување на УЈП.<br>• Зајакнување на системот на внатрешни контроли за реализирање на активностите поврзани со наплатата на приходите и навремено изготвување на извештаи за наплата на јавните приходи (даноци и придонеси) |
| Ненавремено носење на законските измени кои влајаат на работењето на УЈП | Голема | Големо | • Иницирање на измени во законите<br>• Учество во донесувањето на измените на законите<br>• Изготвување процедури и упатства за работа |
| Неусогласеност на Стратешкиот план со Планот за јавни набавки и финанскиот план | Мала | Големо | Следење на планирањето , буџетирањето и остварувањето преку финансиско известување |
| Недостаток на искусни и посветени луѓе за спроведување на промените. | Голема | Големо | Зајакнување на капацитетот на вработените преку едукација и размена на искуство |
| Неможност за привлекување и задржување талентирани и посветени кадри а особено недостаток на ИТ кадар | Средна | Големо | Зајакнување на персоналот на УЈП, а особено ИТ персоналот преку нови вработувања и соодветни прераспределувања/наградувања |
| Неисполнување на плановите за обука и развој на човечките ресурси | Голема | Големо | Усогласување на потребите за обука со Планот на ДА |
| Недостаток на процедури или несоодетна примена на процедурите за контрола на квалитетот | Голема | Големо | Изготвување процедури за секој процес во УЈП |
| Непочитување на принципот на континуитет во работењето | Средна | Средна | СЧР да превземе активности за распоредување на човечки ресурси – нови вработени со цел обезбедување за континуитет во функциите |
| Непочитување на принципот на непрекинатост во работењето | Средна | Средна | СИТПОИС да врши контрола на непрекинатоста во работењето |
| Невоведување на управување со ризикот на усогласеноста | Голема | Големо | Пополнување на Единицата за управување со усогласеност со соодветен кадар, како и воспоставување на стандарди и методи за управување со промените |

# РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА

| РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА 1 | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ (Голема, средна, мала) | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ (Големо, средно, мало) | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| Недостаток на финансии | Голема | Средно | • Координација со МФ, Влада на РСМ и ДЕУ, Светска Банка |
| Недоволна посветеност на високиот менаџмент на УЈП при воведувањето на интегриран даночен информациски ситем (ИДИС) | Средна | Мало | • Колегиумот редовно да го прати напредокот на проектите |
| Недоволна посветеност и отпор кон промени на кадарот во УЈП | Средна | Средно | • Обезбедена транспарентност и вклученост на што поголем број од вработените во УЈП во проектите |
| Ненавремена набавка на хардверот | Средна | Мало | • Времено користење на постоечката опрема |
| Неажурно преземање или непреземање на сите мерки за наплата на долг од сите средства на даночниот должникот и од другите даночни должници (солидарен должник и даночен гарант) | Мала | Големо | • Континуиран мониторинг на оперативното постапување во ОНД и преземање на мерки и активности при детектирање на вакви состојби |
| Неажурно евидентирање на промени во Регистарот на даночни обврзници и во даночната евиденција кои влијаат на точноста на евидентираниот даночен долг | Мала | Големо | • Континуиран мониторинг на оперативното постапување и преземање на мерки и активности при детектирање на вакви состојби |
| Невоведување на управување со ризикот на усогласеноста | Голема | Големо | • Екипираност на единицата за усогласност |
| Неефикасна електронска комуникација со даночните обврзници | Средна | Средно | • Обезбедување на непрекинат трансфер на информации |
| Недостапни даночни (подвижни) шалтери до сите населени места | Средна | Средно | • Максимално искористување на подвижните шалтери (возила) |
| Намалена доверба на даночните обврзници во УЈП | Голема | Големо | • Навремена испорака на услуги<br>• Давање точни податоци<br>• Соодветен третман на даночните обрзници |
| Непостоење на механизми за утврдување на приходи остварени преку е-трговија | Средна | Средно | • Прибирање на информации од трети страни<br>• Користење на соодветни алатки при утрвдување на приходите при е-трговијата |
| Неинформираност, необученост на даночните инспектори за начинот на постапување во случаи на е-трговија | Средна | Средна | • Организирање обуки за новите начини на тргување |

## РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА

| РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА 2 | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ (Голема, средна, мала) | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ (Големо, средно, мало) | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ<br><br>Се опишуваат мерките кои ќе бидат преземени за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| Неможност за привлекување и задржување талентирани и посветени кадри | Голема | Големо | • Избор на вработени со интегритет и лојалност<br>• Правилен избор на вработени за наградување<br>• Изготвување интерен акт и потпишување договор со вработен кој е обучуван со кој ќе биде обврзан определен период по едукацијата да остане во управата и да покаже резултати |
| Немање на релевантни и целосни податоци по вработен за посетени обуки и ефектите од истите во однос на извршување на работните задачи | Голема | Големо | • Набавка на софтвер за управување со човечки ресурси за потребите на СЧР и ДА |
| Непостоење на утврдени компетенции по работно место во секоја функција на УЈП | Средна | Средно | • Изготвување на Стандарди за компетенции во УЈП<br>• Имплементирање и зајакнување на потребните компетенции во Актите за организација и систематизација на УЈП |
| Неизвршување на обврската за доставување на Извествување за посетена обука и Прашалник за евалуација на едуклативниот настан, како и непоседување на апликативен софтвер за автоматско обработување на податоците за евалуација | Средна | Средно | • Воведување на санкции во интерните акти на УЈП во однос на неисполнување на обврските на учесниците на едукативните настани,<br>• Имплементирање на софтверско решение за автоматска обработка на Прашалниците за евалуација |
| Недостаток на човечки и институционални капацитети во УЈП, особено во СИТР и СИТПОИС | Голема | Големо | • Политика на управување со човечки ресурси |
| Неодржливост на ИТ системот на УЈП | Голема | Големо | • Обезбедување буџет за набавка на нов ИТ систем<br>• Обезбедување буџет за зголемување на сигурноста и одржливоста на ИТ системот |
| Губење податоци поради не обезбеден back-up систем | Голема | Големо | • Воспоставување на центар за обнова во случај на катастрофа |

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

etax-fl.ujp.gov.mk